Република Северна Македонија
Министерство за финансии

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Financave

Сектор за меѓународни и финансиски односи и управување со јавен долг

Годишен извештај за управување со јавниот долг на Република Северна Македонија за 2020 година

јуни, 2021 година

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 300
www.finance.gov.mk

Содржина

I. Вовед **5**

II. Макроекономски движења во Република Северна Македонија во 2020 година **5**

III. Позначајни движења во 2020 година **7**

III.1 Меѓународно окружување 7

III.2 Кредитен рејтинг на Република Северна Македонија во 2020 година 9

III.3 Движење на државниот и на јавниот долг на Република Северна Македонија 10

III.4 Сервисирање на државниот и на јавниот долг на Република Северна Македонија 13

III.5 Државни хартии од вредност 14

III.5.1 Континуирани државни хартии од вредност 14

III.5.1.1 Примарен пазар на континуирани државни хартии од вредност 14

III.5.1.2 Секундарен пазар на ДХВ 15

III.5.2 Структурни државни хартии од вредност 15

III.5.2.1 Секундарен пазар на обврзници за денационализација 15

III.5.3 Еврообрзници 16

III.5.3.1 Примарна емисија на еврообврзница 16

III.6 Новосклучени заеми во 2020 година 16

III.6.1 Новосклучени заеми на централна влада 16

III.6.2 Новосклучени заеми на локалната самоуправа 17

III.6.2.1 Краткорочно задолжување во рамки на проект од ИПА компонента - прекугранична соработка 17

III.6.2.2 Задолжување на локалната самоуправа кај домашни банки 17

IV. Активности во управувањето со јавниот долг - табели и графикони **18**

IV.1 Примарен пазар на ДХВ 18

IV.2 Секундарен пазар на ДХВ 22

IV.2.1 Секундарен пазар на структурни државни хартии од вредност 22

IV.2.2 Секундарен пазар на континуирани државни хартии од вредност 22

V. Карактеристики на портфолиото на јавниот долг **23**

V.1 Државен долг 23

V.1.1 Надворешен државен долг 26

V.1.2 Внатрешен државен долг 28

V.2 Гарантиран јавен долг 29

Табели:

Табела 1: Оценки за кредитниот рејтинг на Република Северна Македонија во 2019 и 2020 година 10
Табела 2: Лимити на Политиката за управување со јавен долг и реализација во 2020 година 12
Табела 3: Анализа на состојбите и тековите (stock flow adjustment) за долгот на централната влада 13
Табела 4: Нето-емисија на ДХВ и структурни обврзници.....18
Табела 5: Просечни каматни стапки на ДХВ без девизна клаузула во 2020 година.....20
Табела 6: Просечни каматни стапки на ДХВ со девизна клаузула во 2020 година 20
Табела 7: Состојба на јавен долг.....23
Табела 8: Состојба на државен долг.....23
Табела 9: Просечно време до достасување – ATM (во години).....25
Табела 10: Просечно време на промена на каматна стапка – ATR (во години) 25
Табела 11: Состојба на надворешен државен долг по кредитори.....26
Табела 12: Повлекувања по основ на склучени неповлечени кредити на надворешен државен долг.....26
Табела 13: Состојба на внатрешен државен долг 28
Табела 14: Гарантиран јавен долг по должници.....30

Графикони:

Графикон 1: Реален раст на БДП (%) и придонес по компоненти (процентни поени) 6
Графикон 2 : Број на вработени и стапка на невработеност 6
Графикон 3: Годишна стапка на раст на просечната нето-плата.....7
Графикон 4: Движење на просечните месечни каматни стапки Еурибор и Либор во 2020 година.....8
Графикон 5: Просечен месечен девизен курс денар/евро и денар/американски долар во 2020 година 9
Графикон 6: Просечен месечен девизен курс американски долар/евро и јапонски јен/евро во 2020 година 9
Графикон 7: Реализиран износ на ДХВ по рочности, во милиони денари 14
Графикон 8: Побарувачка и реализација на аукциите на ДХВ, јануари – декември 2020 година.....19
Графикон 9: Реализирани ДХВ јануари – декември 2020 година 19
Графикон 10: Сопственичка структура на континуирани ДХВ 21
Графикон 11: Рочна структура на континуирани ДХВ 21
Графикон 12: Приноси до достасување на еврообврзниците што достасуваат во 2020, 2021, 2023,2025 и 2026 година 21
Графикон 13: Обем на тргување со структурни државни обврзници јануари – декември 2020 година, во евра 22
Графикон 14: Принос до достасување на структурните државни обврзници јануари – декември 2020 година 22
Графикон 15: Обем на тргување на секундарниот пазар на континуирани државни хартии од вредност јануари – декември 2020 година.....22
Графикон 16: Движење на јавниот долг 23
Графикон 17: Движење на државниот долг 24
Графикон 18: Каматна структура на државниот долг.....24
Графикон 19: Валутна структура на државниот долг 24
Графикон 20: Пазарен/непазарен државен долг, во милиони евра.....25
Графикон 21: Отплата на камата и главнина по основ на државен долг, во милиони евра 25
Графикон 22 : Структура на надворешниот државен долг по кредитори 27
Графикон 23: Структура на надворешниот државен долг по мултилатерални кредитори.....27
Графикон 24: Валутна структура на надворешниот државен долг 27
Графикон 25: Каматна структура на надворешниот државен долг.....28
Графикон 26: Валутна структура на внатрешниот државен долг 28
Графикон 27: Каматна структура на внатрешниот државен долг 29
Графикон 28: Состојба на гарантиран јавен долг 29
Графикон 29: Гарантиран јавен долг по кредитори.....29
Графикон 30: Гарантиран јавен долг по должници 30

Листа на кратенки

АД	Акционерско друштво
БДП	Бруто-домашен производ
ДХВ	Државни хартии од вредност
ДО	Државни обврзници
ДЗ	Државни записи
ДК	Девизна клаузула
ДПЛ	Заем за развојни политики за јавни финансии и конкурентност
ЕУ	Европска Унија
ЕСМ	Електрани на Северна Македонија
ЕИБ	Европска инвестициска банка
ЕБОР	Европска банка за обнова и развој
ЖРСМ Транспорт	Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје
ИФАД	Меѓународен фонд за развој на земјоделството
ИПА	Инструмент за претпристапна помош
ИДА	Меѓународно здружение за развој
ИБРД	Меѓународна банка за обнова и развој
ЈП	Јавно претпријатие
ЈПДП	Јавно претпријатие за државни патишта
ЈП ЖРСМ Инфраструктура	Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје
ЈСП	Јавно сообраќајно претпријатие Скопје
КФВ	Германска банка за обнова
МФ	Министерство за финансии
ММФ	Меѓународен монетарен фонд
МЕПСО	Македонски електропреносен систем оператор
НБРСМ	Народна банка на Република Северна Македонија
ПБГ	Гаранција заснована на политики (Policy-Based Guarantee)
п.п.	Процентни поени
РБСМ	Развојна банка на Северна Македонија
РСМ	Република Северна Македонија
СДИ	Странски директни инвестиции
ЦЕБ	Банка на Советот на Европа
RMDEN10	Обврзница за денационализација - 10 емисија
RMDEN11	Обврзница за денационализација - 11 емисија
RMDEN12	Обврзница за денационализација - 12 емисија
RMDEN13	Обврзница за денационализација - 13 емисија
RMDEN14	Обврзница за денационализација - 14 емисија
RMDEN15	Обврзница за денационализација - 15 емисија
RMDEN16	Обврзница за денационализација - 16 емисија
RMDEN17	Обврзница за денационализација - 17 емисија
RMDEN18	Обврзница за денационализација - 18 емисија

Врз основа на член 27 став (1) од Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија” број 62/2005, 88/2008, 35/11, 139/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 98/19), Собранието на Република Северна Македонија се информира со Годишниот извештај за управување со јавниот долг на Република Северна Македонија за 2020 година.

I. Вовед

Годишниот извештај за управувањето со јавниот долг има за цел поблиску и на редовна основа да ги информира Владата и Собранието на Република Северна Македонија и да ја запознае јавноста со карактеристиките на должничкото портфолио на Република Северна Македонија, како и со преземените мерки за негово ефикасно управување во текот на минатата година.

Целите на управувањето со јавниот долг на Република Северна Македонија, според Законот за јавен долг, се следните:

- финансирање на потребите на државата со најнизок можен трошок, на среден и на долг рок, и со одржливо ниво на ризик;
- идентификација, следење и управување со ризиците на кои подлежи портфолиото на јавниот долг и
- развој и одржување ефикасен домашен финансиски пазар.

Во Извештајот се содржани дефиниции за државниот и јавниот долг согласно Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија“, број 62/2005, 88/2008, 35/11, 139/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 98/19). Со последните измени на Законот за јавен долг коишто беа донесени во мај 2019 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/2019), дефиницијата за јавниот долг беше проширена преку вклучување на негарантираниот долг. Согласно важечките прописи, државен долг претставува збир на финансиски обврски создадени со задолжување на Република Северна Македонија, јавните установи основани од Република Северна Македонија и општините, општините во град Скопје и град Скопје. Понатаму, јавен долг претставува збир на државниот долг и долгот на јавните претпријатија основани од државата или од општините, општините во град Скопје и град Скопје, како и трговските друштва кои се во целосна или во доминантна сопственост на државата или на општините, општините во град Скопје и град Скопје.

II. Макроекономски движења во Република Северна Македонија во 2020 година

Економската активност во 2020 година забележа пад од 4,5%, како резултат на неповолните движења предизвикани од ограничувачките мерки за спречување на ширењето на коронавирусот во земјата и влошеното меѓународно окружување.

Гледано по дејности, најзначителен пад е забележан во индустријата од 10%, при што преработувачката индустрија опадна за 10,6%, што се должи главно на намаленото производство на машини, уреди, електрична опрема и моторни возила, односно дејностите коишто во голема мера се интегрирани во глобалните синџири на производство. Од друга страна, падот во преработувачката индустрија е ублажен со зголеменото производство на фармацевтски производи и препарати. Услужниот сектор опадна за 2,6%. Во рамки на овој сектор, најизразит пад е забележан кај трговската, транспортната и угостителската дејност од 7,9%. Градежниот сектор забележа пад од 2,1%, додека земјоделството порасна за 1,7% на реална основа.

Графикон 1: Реален раст на БДП (%) и придонес по компоненти (процентни поени)



Анализирано според расходниот метод, падот на економската активност во 2020 година е последица на падот на домашната побарувачка, во услови на намалена потрошувачка и намалени бруто-инвестиции, додека нето-извозот имаше позитивен придонес при пад и на извозот и на увозот на стоки и услуги.

Приватната потрошувачка забележа пад од 5,6% на реална основа, во услови на воздржаност на потрошувачката и значително намалување на дознаките од странство, коишто неповолно се одразија врз доходот на домаќинствата и последователно врз потрошувачката. Притоа, позначителен пад на потрошувачката беше спречен преку мерката за финансиска поддршка на претпријатијата за исплата на плати, мерката за платежни картички за граѓаните за поголема потрошувачка, како и кредитната поддршка на банките. Дополнително, намалената вкупна потрошувачка е ублажена со високиот раст на јавната потрошувачка од 10,1%, што се должи на расходите за справување со пандемијата и нејзините последици врз населението и економијата. Бруто-инвестициите забележаа пад од 10,2%, што е резултат на намалените градежни активности. Извозот на стоки и услуги се намали за 10,9% на реална основа, што е одраз главно на привременио прекин на глобалните синџири на производство и падот на надворешната побарувачка, што резултираше, пред сè, со пад на извозот на машини, транспортни уреди и хемиски производи. Увозот на стоки и услуги забележа пад од 10,5%, условен главно од намалениот увоз на интермедијарни производи.

Стапката на инфлација во 2020 година изнесува 1,2%. Растот на потрошувачките цени се должи на растот на цените на прехранбените производи од 2,6% и на базичната инфлација којашто изнесува 0,9%, придвижена од зголемените цени на тутунот, додека цените на нафтените деривати забележаа пад од 11,4%, согласно падот на цената на нафтата на светските берзи.

Графикон 2 : Број на вработени и стапка на невработеност



Позитивните движења на пазарот на трудот продолжија во првото тримесечје од 2020 година, по што следеше одредено влошување на состојбата во наредните тримесечја, како последица на ефектите од пандемијата, коишто беа ограничени во услови на државна поддршка за фирмите со цел задржување на работните места. Така, согласно Анкетата на работна сила, просечниот број вработени лица во 2020 година забележа благ пад од 0,3% во однос на 2019 година. Вработеноста е намалена главно во земјоделскиот сектор и снабдувањето со електрична енергија и вода, а во помала мера и во градежништвото, транспортната и угостителската дејност. Од друга страна, пораст на вработеноста има најмногу во

информациско-комуникациската дејност, здравството, социјалната заштита и трговијата. Просечната стапка на вработеност во 2020 година изнесува 47,2% и е речиси непроменета во однос на 2019 година, додека просечната стапка на невработеност изнесува 16,4%, што претставува намалување од 0,9 процентни поени во споредба со 2019 година. Активното население во 2020 година претставува 56,4% од работоспособното население.

Графикон 3: Годишна стапка на раст на просечната нето-плата



Просечната месечна нето-плата во 2020 година забележа номинален раст од 7,8%, којшто произлегува од мерките преземени пред пандемијата, како што се: зголемување на нивото на минималната плата, владина мерка за финансиска поддршка на работодавците коишто ќе извршат зголемување на платата до одреден износ, зголемени плати на вработените во јавниот сектор во септември 2019 година, како и дополнително зголемување на платите во образованието и здравството во 2020 година, додека мерката за финансиска помош на работодавците погодени од здравствената криза за исплата на плата влијаеше врз ублажување на надолниот тренд на раст на платите во текот на пандемијата. Платите најмногу пораснаа во следните дејности: информации и комуникации, образование, здравство и социјална заштита, трговија, преработувачка индустрија и градежништво. Од друга страна, платите се намалени во угостителството, што е одраз на намалениот обем на работа во оваа дејност.

Движењата во тековната сметка на билансот на плаќања во 2020 година резултираа со дефицит од 3,5% од БДП. Странските директни инвестиции во 2020 година изнесуваат 240 милиони евра, што претставува 2,2% од БДП. На крајот на 2020 година девизните резерви достигнаа 3,4 милијарди евра и обезбедуваат покриеност на увозот на стоки и услуги од 5,3 месеци од претходниот 12-месечен период, што претставува адекватно ниво на резерви за справување со евентуални шокови.

III. Позначајни движења во 2020 година

III.1 Меѓународно окружување

Глобалната економска активност во 2020 година беше под силно влијание на ограничувачките мерки за справување со пандемијата на коронавирус и забележа пад од 3,5%. Пад на економската активност има како кај високоразвиените земји, така и кај земјите во развој и брзорастечките економии.

Економиите на високоразвиените земји во 2020 година забележаа пад од 4,9%. Притоа, може да се забележи дека економиите на европските земји се далеку посилно погодени од кризата, па така економската активност во В. Британија опадна за 10%, земјите од еврозоната забележаа пад од 7,2%, при што германската економија забележа пад од 5,4%, додека во САД е забележана намалена економска активност за 3,4%.

Во рамки на земјите во развој и брзорастечките економии, вреди да се спомене дека кинеската економија забележа раст од 2,3% во 2020 година.

Во земјите од регионот, исто така, се јавува намалена економска активност како последица на кризата, а особено се погодени земјите во коишто туризмот како гранка има позначително учество.

Во текот на 2020 година, 6-месечниот Еурибор забележа пад на вредноста, наспроти благиот пораст забележан во претходната година. Во првиот квартал од 2020 година, продолжи благиот пораст на 6-месечниот Еурибор започнат од претходната година, по што беше регистриран пад на вредноста заклучно декември. Во последниот квартал од годината се забележува одредено зголемување на 6-месечниот Еурибор, но сепак нивото на оваа каматна стапка на крајот на годината е под нивото регистрирано на почетокот од годината. Имено, просечната вредност на оваа стапка во јануари изнесуваше -0,330%, а во декември се намали на -0,519%. Сличен тренд е забележан и кај меѓубанкарската каматна стапка Либор за евро валута, којашто во јануари изнесуваше -0,367%, а во декември нејзината просечна вредност се намали на
-0, 531%.

Во текот на 2020 година, 6-месечниот Либор за доларска валута имаше опаѓачки тренд, со просечна вредност од 1,839% во јануари, додека во декември оваа каматна стапка се намали на 0,256%.

Графикон 4: Движење на просечните месечни каматни стапки Еурибор и Либор во 2020 година





Во текот на 2020 година, девизниот курс на денарот во однос на еврото беше стабилен и се движеше во вредносниот интервал од 61,5375 до 61,6956 денари за едно евро (просечен месечен девизен курс). Од друга страна, вредноста на американскиот долар се зголеми во однос на денарот, така што просечниот девизен курс во јануари изнесуваше 55,4065 денари за еден американски долар, а во декември изнесуваше 50,7153 денари за еден американски долар. Највисоката вредност на американскиот долар во однос на денарот се забележа во април, кога просечниот девизен курс изнесуваше 56,7633 денари за еден американски долар.

Графикон 5: Просечен месечен девизен курс денар/евро и денар/американски долар во 2020 година





На меѓународниот финансиски пазар, вредноста на американскиот долар во однос на еврото во текот на 2020 година продолжи да апрецира, достигнувајќи ја својата највисока вредност во април 2020 година од 0,9207 долари за едно евро (месечен просек), по што од вториот квартал се забележа одредено зајакнување на вредноста на еврото. Вредноста на јапонскиот јен во однос на еврото исто така апрециираше, при што во јануари просечниот девизен курс изнесуваше 0,008242 јени за едно евро, а во декември 0,007919 јени за едно евро.

Графикон 6: Просечен месечен девизен курс американски долар/евро и јапонски јен/евро во 2020 година





III.2 Кредитен рејтинг на Република Северна Македонија во 2020 година

Агенциите за кредитен рејтинг „Стандард и пурс“ и „Фич рејтингс“ (Standard & Poor's и Fitch Ratings) во 2020 година трипати извршија ревизија на кредитниот рејтинг на Република Северна Македонија, и тоа на 6.3.2020 година, на 13.5.2020 година и на 4.9.2020 година, односно на 13.1.2020 година, на 19.6.2020 година и на 1.12.2020 година респективно.

Агенцијата за кредитен рејтинг „Стандард и пурс“, во извештаите објавени во 2020 година ја потврди претходно доделената оценка за кредитниот рејтинг на Република Северна Македонија за странска и домашна валута BB-, истовремено потврдувајќи го неговиот стабилен изглед.

Потврдата на рејтингот го рефлектира ставот на „Стандард и Пурс“, дека и покрај острата економска контракција во 2020 година Северна Македонија има фискален простор да управува со јавните финансии. Ова се должи на поволните очекувања за раст на економијата на долг рок, стабилизирање на долгот на умерено ниво и пристап на државата до финансиските пазари. Во извештајот се нотира и дека доколку земјава започне преговори за членство во Европската Унија, тоа може да придонесе за интензивирање на спроведувањето на структурните реформи, а воедно и за развој на земјата. Исто така,

генерално забележуваат подобрувања во политичката стабилност во земјава во последниве години.

Агенцијата за кредитен рејтинг „Фич рејтингс“, во својот прв извештај објавен во 2020 година ја потврди оценката за странска и домашна валута BB+, со стабилен изглед на кредитниот рејтинг на Северна Македонија. Додека, пак, во својот втор извештај за 2020 година, „Фич рејтингс“ ја потврди оценката за странска и домашна валута BB+, а изгледот на земјата го промени од стабилен во негативен. Дополнително, „Фич рејтингс“ ја потврди истата оценка за кредитниот рејтинг на Република Северна Македонија BB+ негативен изглед и на последното ажурирање на рејтингот за 2020 година.

Агенцијата за кредитен рејтинг „Фич рејтингс“ во последниот извештај нотира дека потврдата на рејтингот се должи на спроведувањето добри политики на владеење, развојот на човечкиот капитал, индикаторите за поволна бизнис-клима, кохерентноста на макроекономската и фискалната политика, како и на процесот на евроинтеграциите од една страна, а од друга страна се присутните негативни ефекти на ковид-кризата врз економијата.

Стабилниот кредитен рејтинг на Република Северна Македонија е значаен сигнал за странските инвеститори и позитивно влијае врз каматната стапка по која земјата позајмува на меѓународниот пазар на капитал, како и врз вкупниот економски и политички имиџ на Република Северна Македонија. Потврдата на кредитниот рејтинг е уште еден силен сигнал кон странските инвеститори дека Република Северна Македонија е земја во која може да имаат доверба и за која може да сметаат дека и во иднина ќе има здрави економски политики.

Оценките за кредитниот рејтинг што ги доби Република Северна Македонија во 2019 и 2020 година од страна на меѓународните агенции за кредитен рејтинг „Стандард и пурс“ и „Фич рејтингс“ се прикажани во табелата во продолжение:

Табела 1: Оценки за кредитниот рејтинг на Република Северна Македонија во 2019 и 2020 година

Агенција за кредитен рејтинг „Стандард и пурс“					
	2019 година		2020 година		
	прва оценка	втора оценка	прва оценка	втора оценка	трета оценка
Странска валута	BB-/Стабилен	BB-/Стабилен	BB-/Стабилен	BB-/Стабилен	BB-/Стабилен
Домашна валута	BB-/ Стабилен	BB-/ Стабилен	BB-/ Стабилен	BB-/Стабилен	BB-/Стабилен
Извор: Стандард и пурс (Standard & Poor's)					
Агенција за кредитен рејтинг „Фич рејтингс“					
	2019 година		2020 година		
	прва оценка	втора оценка	прва оценка	втора оценка	трета оценка
Странска валута	BB/Позитивен	BB+/Стабилен	BB+/Стабилен	BB+/Негативен	BB+/Негативен
Домашна валута	BB/Позитивен	BB+/Стабилен	BB+/Стабилен	BB+/Негативен	BB+/Негативен
Извор: Фич рејтингс (Fitch Ratings)					

III.3 Движење на државниот и на јавниот долг на Република Северна Македонија

Политиката на фискална консолидација што се спроведуваше изминатиот период придонесе кон стабилизација на нивото на долгот на Република Северна Македонија. Државниот долг на Република Северна Македонија на крајот на 2020 година изнесува 5.516,00 милиони евра односно 51,2% во однос на БДП (Табела 8), што претставува зголемување од 10,5 п.п. во однос на претходната година. Со ова ниво на државен долг, Република Северна Македонија и понатаму останува умерено задолжена земја со државен долг којшто е понизок од просечното ниво на долг на земјите на ЕУ27, коешто на крајот на 2020 година изнесува 90,7%.

Јавниот долг на Република Северна Македонија на крајот на 2020 година изнесува 6.483,3 милиони евра, односно 60,2% во однос на БДП (Табела 7), што претставува пораст од 10,8 п.п. во однос на крајот на

претходната година. Кон овој пораст придонес имаше и проширувањето на дефиницијата за јавниот долг со законските измени од мај 2019 година, кога се вклучи и негарантираниот долг на јавните претпријатија и акционерски друштва основани од државата или од општините, општините во градот Скопје и градот Скопје. Негарантираниот долг додаде 0,4 п.п. во вкупниот јавен долг на крајот на 2020 година. Надворешниот јавен долг изнесува 4.323,7 милиони евра, додека внатрешниот јавен долг изнесува 2.159,6 милиони евра.

Надворешниот државен долг на крајот на 2020 година изнесува 3.382,5 милиони евра и во однос на 2019 година се зголеми за 619,0 милиони евра, додека внатрешниот државен долг изнесува 2.133,4 милиони евра, што претставува зголемување за 340,1 милион евра во однос на претходната година. Од аспект на валутната структура на државниот долг, на крајот на 2020 година доминантно учество има долгот деноминиран во евра којшто учествува со 68,8% во вкупното портфолио и е намален за 2,5 п.п. во однос на 2019 година (Графикон 19). Долгот во домашна валута во истиот период се зголеми за 1,1 п.п., односно од 23,2% во 2019 година на 24,3% на крајот на 2020 година.

Долгот со фиксна каматна стапка во каматната структура на државниот долг се зголеми за 0,9% п.п. во споредба со 2019 година, и на крајот на 2020 година изнесува 77,1% (Графикон 18). Зголемувањето на учеството на долгот со фиксна камата е резултат на зголеменото ниво на издадени државни обврзници на домашен пазар коишто имаат фиксна каматна стапка и на зголемувањето на надворешниот државен долг со фиксна каматна стапка на годишно ниво.

Во однос на реализацијата на лимитите утврдени во Политиката за управување со јавен долг како интегрален дел од „Ревидираната фискална стратегија 2020-2022 година“, може да се констатира следново: во рамките на „Ревидираната фискална стратегија 2020-2022 година“ беше дефинирано максималното ниво на јавниот долг од 60% од БДП на среден и на долг рок, а утврдено беше и максималното ниво на гарантираниот јавен долг од 13% од БДП. Имајќи предвид дека на почетокот на 2020 година целиот свет беше зафтен со пандемија којашто имаше своја рефлексија врз економиите на сите земји, Министерството за финансии на РСМ беше исправено пред нов и непознат предизвик: се јави потреба од обезбедување финансиски ресурси за погодените сектори кои не беа планирани во Фискалната стратегија, а истовремено да не излезе од зоната на прудентно управување со јавните финансии. Следствено на тоа, како резултат на зголемувањето на износот на претходно планираниот буџетски дефицит, како и потребата за негово финансирање, на крајот на 2020 година јавниот долг го надмина претходно утврдениот лимит и истиот изнесуваше 60,2% од БДП. Од друга страна, гарантираниот долг на крајот на 2020 изнесува 8,6% од БДП и е во рамките утврдени во „Ревидираната фискална стратегија 2020-2022 година“.

Понатаму, во согласност со лимитот за валутна структура на државниот долг, евро долгот во портфолиото на долгот во странска валута треба да биде застапен со најмалку 85%. Заклучно со 31 декември 2020 година, учеството на евро долгот изнесува 90,9%, што е во согласност со поставениот лимит.

Исто така, и реализацијата на лимитот за каматна стапка е успешна. Имено, со „Ревидираната фискална стратегија 2020-2022 година“ беше утврден лимит за каматна структура на државниот долг според кој долгот со фиксна каматна стапка треба да биде застапен со најмалку 60% во вкупното должничко портфолио, а на крајот на 2020 година долгот со фиксна камата учествува со 77,1% во структурата на државниот долг.

Согласно таргетите за утврдување на оптималното ниво и структурата на портфолиото на јавен долг со „Ревидираната фискална стратегија 2020-2022 година“ беа дефинирани и краткорочни лимити коишто се однесуваат само за 2020 година. Така, краткорочниот максимален лимит за нето-задолжување (домашно и странско) по основ на државен долг во 2020 година беше утврден на 400 милиони евра. Поради ескалирањето на пандемијата на вирусот ковид-19 на почетокот на 2020 година, беше регистрирана намалена економска активност во глобални рамки, а соодветно на тоа ефектите се почувствуваа и во македонската економија. Така, во текот на првиот семестар од 2020 година, Министерството за финансии се задолжи кај ММФ со инструмент за брзо финансирање во вонредна состојба, од Светска банка се обезбедија дополнителни ресурси за справување со ковид-кризата, а од Европската Унија се обезбедија средства за макро-финансиска поддршка кои треба да се повлечат во две транши. Исто така, во овој период Министерството за финансии во име на Република Северна Македонија ја издаде седмата еврообврзница во износ од 700 милиони евра, наспроти првично планираните 500 милиони евра, а дополнително на домашниот пазар на ДХВ се реализираше нето-задолжување од 349,8 милиони евра наспроти планираните 200 милиони евра со првичниот Буџет за 2020 година. Имајќи го предвид претходно изнесеното, максималниот лимит за нето-задолжување (домашно и странско) по основ на државен долг во 2020 година

во износ од 400 милиони евра беше надминат за 559,1 милион евра и на крајот на 2020 година изнесува 959,1 милион евра.

Со цел да се заштити портфолиото на долгот на централната влада од ризикот за рефинансирање, дефиниран е лимит според кој минималното ниво на индикаторот „Просечно време на достасување“ во 2020 година треба да биде 3 години. Имајќи предвид дека заклучно со 31 декември 2020 година „Просечното време на достасување“ изнесува 5,3 години, може да се констатира дека овој индикатор е во рамките на утврдениот лимит. Понатаму, лимитот за „Просечно време на промена на каматните стапки“ треба да го заштити портфолиото на долгот на централната влада од ризикот од промена на каматни стапки при што е утврдено минималното ниво на овој индикатор во 2020 година да биде 2 години. На крајот на 2020 година „Просечното време на промена на каматните стапки“ исто така е во рамките на лимитот и изнесува 4,7 години.

Табела 2: Лимити на Политиката за управување со јавен долг и реализација во 2020 година

	Лимити утврдени со Ревидираната фискалната стратегија 2020-2022	Реализација на крај на 2020 година
Краткорочни лимити (кои се однесуваат само на 2020)		
Нето-задолжување по основ на државен долг	Максималното нето-задолжување по основ на државен долг во 2020 година да биде до 400 милиони евра	959,1 милиони евра
Нето-задолжувње по основ на гарантиран долг	Максималното нето-задолжување по основ на гарантиран долг во 2020 година да биде до 250 милиони евра	-12,7 милиони евра
„Просечно време на достасување“ во 2020 година	Минималното ниво на индикаторот „Просечно време на достасување“ во 2020 година да биде 3 години	5,3 години
„Просечно време на промена на каматните стапки“ во 2020 година	Минималниот праг на индикаторот „Просечно време на промена на каматните стапки“ во 2020 година да изнесува 2 години	4,7 години
Среднорочни лимити		
Каматна структура	Во периодот 2020-2022 година, минималниот праг на долгот со фиксна каматна стапка да изнесува 60%	77,1%
Валутна структура	Во периодот 2020-2022 година, минималниот праг на евро долгот во портфолиото на долгот во странска валута да изнесува 85%	90,9%
Јавен долг/БДП	Нивото на вкупниот јавен долг на среден и долг рок да не надминува 60% од БДП	59,9%
Гарантиран долг/БДП	Во периодот 2020-2022 година, ниво на гарантираниот јавен долг да не надмине 13% од БДП.	8,6%

Извор: Министерство за финансии

Во насока на поголема транспарентност на јавните финансии во рамки на Годишниот извештај за управување со јавниот долг за 2020 година се презентира табела за прилагодување на состојбите и тековите (stock flow adjustment) преку која се објаснуваат факторите што влијаат врз промената на состојбата на долгот (Табела 3). Од табелата се гледа дека факторите што влијаат врз промената на состојбата на долгот во 2020 година се речиси целосно идентификувани и квантифицирани и, соодветно на тоа, статистичката дискрепанца за 2020 година (којашто се состои од курсни разлики и други статистички дискрепанци) по усогласувањето изнесува незначителни 0,06% од БДП.

Табела 3: Анализа на состојбите и тековите (stock flow adjustment) за долгот на централната влада

(во милиони денари)		2020
(1)	Буџетско салдо	53.867
(2)	Почетна состојба на долг	279.475
(3)	Крајна состојба на долг	339.320
(4)=(3)-(2)	Промена на долгот на централна власт (= крајна состојба минус почетна состојба)	59.846
(5)=(4)-(1)	(Иницијална дискрепанца)	5.979
	Почетна дискрепанца на паричен тек како % од БДП	0,90%
(6)	Нето стекнување на финансиски средства	4.882
	Валути и депозити	6.859
	Онлендинг на општини и јавни претпријатија	-1.017
	Други финансиски средства	-960
	Бруто издавање на структурни обврзници	
(7)	Издавање и отплата на хартии од вредност над и под номинална вредност	687
(8)=(5)-(6)-(7)	Резидуал (Курсни разлики и други статистички дискрепанци)	409
	Резидуал (Статистичка дискрепанца) како % од БДП	0,06%

Извор: Министерство за финансии

Донесување „Правилник за начинот на вршење анализа на податоците доставени од страна на носителот на јавен долг, примена и вреднување на финансиските показатели“

Во мај 2019 година, Собранието на Република Северна Македонија го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за јавен долг (објавен во Службен весник на РСМ бр. 98/19 од 21.5.2019 година).
Целта на законските измените беше зголемување на транспарентноста, усогласување со меѓународните практики и поголем кредибилитет кај меѓународните институции и инвеститори.
Законските измени предвидуваат подобрување на системот на издавање согласности за задолжување при што Министерството за финансии ќе врши кредитна анализа и процена на кредитната способност на носителите на јавен долг при издавање државна гаранција, согласно посебна пропишана методологија за процена. Како резултат на тоа, во август 2020 година, Република Северна Македонија го донесе „Правилникот за начинот на вршење анализа на податоците доставени од страна на носителот на јавен долг, примена и вреднување на финансиските показатели“, осигурувајќи дека гаранциите се третираат со иста контрола како и другите буџетски трошоци. Спроведувањето на Правилникот ќе резултира со прудентно управување со јавните финансии во насока на посеопфатна процена на фискалниот ризик и ризикот од потенцијални обврски.

III.4 Сервисирање на државниот и на јавниот долг на Република Северна Македонија

Сите обврски по основ на државен и јавен долг што достасаа во 2020 година беа редовно и навремено сервисирани од страна на Министерството за финансии, како и од останатите носители на јавниот долг.

За отплата на обврските по основ на јавниот долг за 2020 година, во кој се вклучени државниот долг и долгот на јавните претпријатија, беа потрошени вкупно 957,5 милиони евра, од кои 812,4 милиони евра за

отплата на главнината и 145,1 милион евра за отплата на камата.

III.5 Државни хартии од вредност

III.5.1 Континуирани државни хартии од вредност

III.5.1.1 Примарен пазар на континуирани државни хартии од вредност

Задолжување преку издавање континуирани ДХВ во 2020 година - Со Одлуката за утврдување на максималниот износ на ново задолжување преку издавање ДХВ во 2020 година, донесена од страна на Владата на Република Северна Македонија, максималниот износ на задолжување беше утврден во висина од 21.525,00 милиони денари. Во овие рамки, новото (нето) задолжување по основ на издадени ДХВ во 2020 година изнесуваше 21.511,09 милиони денари (Табела 4), а состојбата на вкупно издадените ДХВ заклучно со 31.12.2020 година изнесуваше 127.864,86 милиони денари.

Аукции на ДХВ - Во периодот јануари - декември 2020 година, Министерството за финансии на редовна основа издаваше 3-месечни, 6-месечни и 12-месечни државни записи со и без девизна клаузула, како и 2, 3, 5, 10, 15 и 30-годишни државни обврзници со и без девизна клаузула. Во овој период се одржаа вкупно педесет аукции на ДХВ, односно една аукција на 3-месечни државни записи, две аукции на 6-месечни државни записи, дваесет аукции на 12-месечни државни записи, седум аукции на 2-годишни државни обврзници, четири аукции на 3-годишни државни обврзници, три аукции на 5-годишни државни обврзници, две аукции на 10-годишни државни обврзници, осум аукции на 15-годишни државни обврзници и три аукции на 30-годишни државни обврзници.

Вкупниот износ понуден на аукциите на ДХВ во 2020 година изнесуваше 70.694,39 милиони денари, побарувачката изнесуваше 90.128,62 милиона денари, а вкупната реализација на аукциите во овој период изнесуваше 65.620,47 милиони денари (Графикон 8). Согласно Стратегијата за денаризација којашто Владата ја донесе во декември 2018 година, преовладува издавањето државни хартии од вредност во денари, коешто во 2020 година изнесуваше 56.500,75 милиони денари, наспроти 9.119,72 милиона денари издадени во државни хартии од вредност индексирани со евро клаузула. Во Графиконот 7 е прикажана алокацијата на вкупниот износ на издадени ДХВ по рочности:

Графикон 7: Реализиран износ на ДХВ по рочности, во милиони денари



Движење на каматните стапки на аукциите на ДХВ – При спроведувањето на аукциите на ДХВ во текот на 2020 година се применуваше тендер со износи. Карактеристично за каматните стапки во 2020 година е тоа што иако во јануари 2020 година забележаа намалување, сепак, како резултат на ковид-кризата, каматните стапки незначително се зголемија во мај 2020 година, но, истите забележаа позначително намалување во ноември 2020 година. Ако пред една година Министерството за финансии издаваше ДХВ по каматни стапки во распон од 0,60% со рок на достасување од 12 месеци до 4,10% за инструменти од 30

години, на крајот на 2020 година истите тие инструменти се издаваат по каматни стапки во распон од 0,40% за рок на достасување од 12 месеци до 4,00%, односно 4,10% за рок на достасување од 30 години. Просечните каматни стапки во 2020 година постигнати на аукциите на државни хартии од вредност без и со девизна клаузула се прикажани во Табела 5 и Табела 6.

Рочна структура на недостасани ДХВ - Во 2020 година портфолиото на континуирани ДХВ го сочинуваа 12–месечни ДЗ, 2-годишни ДО, 3-годишни ДО, 5-годишни ДО, 10-годишни ДО, 15-годишни ДО и 30-годишни ДО. Заклучно со 31.12.2020 година, процентуалното учество на долгорочните хартии од вредност во рочната структура на државните хартии од вредност изнесуваше 74,78%, додека учеството на краткорочните хартии од вредност изнесуваше 25,22%. Додека, пак, споредено со 31.12.2019 година, соодносот меѓу долгорочните и краткорочните хартии од вредност изнесуваше 68,91% наспроти 31,09%, соодветно, што значи дека во однос на 2020 година долгорочните хартии од вредност бележат раст во рочната структура од 5,87 п.п.. Зголеменото издавање долгорочни хартии од вредност го намалува ризикот од рефинансирање на долгот. Рочната структура на недостасани ДХВ за 2019 и 2020 година е прикажана на Графиконот 11.

Сопственичка структура на недостасани ДХВ – Сопственоста на портфолиото на недостасаните државни хартии од вредност е дистрибуирана помеѓу комерцијалните банки во Република Северна Македонија, пензиските фондови, осигурителните компании, штедилниците, физички и правни лица, како и други институционални инвеститори од земјата и од странство. Заклучно со 31.12.2020 година, процентуалното учество на банките во сопственичката структурата на државните хартии од вредност изнесуваше 39,71%, додека учеството на другите пазарни субјекти изнесуваше 60,29%. Споредено со 31.12.2019 година, кога соодносот меѓу банките и другите пазарни субјекти изнесуваше 32,57% наспроти 67,43% соодветно, учеството на банките бележи зголемување за 7,14 п.п. во однос на учеството на другите субјекти, што е соодветно зголемено за истиот сооднос. Сопственичката структура на недостасани ДХВ за 2019 и 2020 година е прикажана на Графикон 10.

III.5.1.2 Секундарен пазар на ДХВ

Во текот на 2020 година со континуираните државни хартии од вредност се тргуваше на пазарите преку шалтер и Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје. Во текот на годината, на пазарот преку шалтер се реализираа вкупно дваесет и три трансакции со ДХВ, од кои осум трансакција со ДЗ и петнаесет трансакции со ДО, прикажани на Графиконот 15. Вкупниот номинален износ на тргување изнесуваше 4.089,98 милиони денари. Споредено со тргувањето во 2019 година, може да се констатира дека во 2020 година вкупниот номинален износ на тргување беше поголем за 1.922,65 милиони денари.

III.5.2 Структурни државни хартии од вредност

III.5.2.1 Секундарен пазар на обврзници за денационализација

Вкупниот обем на тргување со обврзници за денационализација реализиран на Македонската берза АД Скопје во 2020 година изнесуваше 39,27 милиони денари, што претставува намалување за 309,05 милиони денари во однос на 2019 година кога изнесуваше 348,32 милиона денари. Вкупниот обем на тргување и приносите до достасување на обврзниците за денационализација се прикажани на графиконите 13 и 14.

III.5.3 Еврообрзници

III.5.3.1 Примарна емисија на еврообврзница

Во јуни 2020 година, Република Северна Македонија ја издаде седмата еврообврзница на меѓународниот пазар на капитал, наменета за буџетска поддршка во 2020 и 2021 година и за рефинансирање на обврските што достасуваат по основ на отплата на државниот долг на Република Северна Македонија. Еврообврзницата е издадена во износ од 700 милиони евра, со купонска каматна стапка од 3,675% и рок на достасување од 6 години, односно до 2026 година, и со неа се тргува на Ирската берза за хартии од вредност. Ова е втора најниска камата, веднаш по онаа на еврообврзницата издадена во 2018 година, а интересот беше пет пати поголем од износот што беше издаден. Со тоа, уште еднаш се потврдува довербата на инвеститорите во македонската економија и политики, ако се земе предвид дека оваа обврзница беше издадена во време на пандемијата на коронавирусот, кога сите економии, вклучително и светските економски сили, излегуваа на меѓународниот пазар на капитал за да обезбедат средства за финансирање на потребите за справување со кризата.

III.5.3.2 Секундарен пазар на еврообврзници

Во текот на 2020 година, на меѓународниот пазар на капитал се тргуваше со еврообврзниците издадени од Република Северна Македонија што достасуваат во 2020, 2021, 2023, 2025 и 2026 година. Заклучно со декември 2020 година, приносот до достасување на еврообврзниците што достасуваат во 2021, 2023, 2025 и 2026 година изнесуваше 0,44%, 1,03%, 1,33% и 1,40%, респективно, и е прикажан на Графиконот 12.

III.6 Новосклучени заеми во 2020 година

III.6.1 Новосклучени заеми на централна влада

На 12.2.2020 година се потпиша Договор за заем со Светска банка, за финансирање на Проектот за администрирање на социјалното осигурување.
Условите под кои беше потпишан овој заем се следните:

- износ: 13.800.000 евра;
- каматна стапка: шестмесечен ЕУРИБОР зголемен за фиксен распон;
- рок на отплата: 12 години, со вклучен грејс период од три години;
- начин на отплата: семестрално;
- други трошоци: еднократна провизија во износ од 0,25% од износот на заемот и провизија од 0,25% од неповлечениот дел од заемот на годишно ниво.

На 15.4.2020 година активиран е Инструментот на ММФ за брзо финансирање за време на вонредна состојба, со повлекување финансиски средства во износ од 140.300.000 специјални права на влечење.
Условите под кои е активиран овој инструмент на ММФ се следните:

- износ: 140.300.000 специјални права на влечење (100% од квотата);
- каматна стапка утврдена според правилата на ММФ;
- рокот за отплата на повлечениот износ од Инструментот е од три години и три месеци до пет години од повлекувањето на износот од инструментот;
- начин на отплата: тримесечно;
- други трошоци: трошок за услуги во висина од 0,5 %, провизија од 0,15% на износот на неповлечените средства.

На 13.7.2020 година се потпиша Договор за заем со Европската Унија за обезбедување средства преку

инструментот Макрофинансиска поддршка за справување со последиците предизвикани од пандемијата на ковид-19 за време на вонредна состојба.
Условите под кои беше потпишан овој заем се следните:
- износ: 160.000.000 евра;
- заемот се повлекува во две еднакви транши. За секоја транша Министерството за финансии поднесува до ЕУ Барање за повлекување средства. За секое повлекување на износот на заемот во транша, ЕУ ќе издаде Известување во кое ќе бидат утврдени конечните финансиски услови на траншата, меѓу кои се: износот на траншата, датумот на исплата, каматната стапка, датумот на достасување, банкарските провизии и другите трошоци за повлекување на средствата.

На 19.10.2020 година се потпиша Договор за заем со Светска банка, за финансирање на Проектот за итно справување со ковид-19 во Северна Македонија.
Условите под кои беше потпишан овој заем се следните:
- износ: 90.000.000 евра;
- каматна стапка: шестмесечен ЕУРИБОР со варијабилен распон;
- рок на отплата: 12 години, со вклучен грејс период од три години;
- начин на отплата: семестрално;
- други трошоци: еднократна провизија во износ од 0,25% од износот на заемот и провизија од 0,25% од неповлечениот дел од заемот на годишно ниво.

III.6.2 Новосклучени заеми на локалната самоуправа

III.6.2.1 Краткорочно задолжување во рамки на проект од ИПА компонента - прекугранична соработка

На 4.11.2020 година, општина Конче и Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје потпишаа Договор за задолжување со краткорочен кредит во висина од 4.500.000,00 денари за финансирање проект од ИПА компонента - прекугранична соработка, со цел реализација на капиталниот проект „Примена на мерки за заштита од поплави во општина Конче и Струмјани“.
Условите под кои беше потпишан овој заем се следните:
- износ: 4.500.000,00 денари;
- каматна стапка: фиксна каматна стапка која изнесува 5,75% на годишно ниво;
- рок на отплата: една година со вклучен грејс период од три месеци;
- начин на отплата: квартално.

III.6.2.2 Задолжување на локалната самоуправа кај домашни банки

На 29.05.2020 година, Град Скопје и Комерцијална банка АД Скопје потпишаа Договор за задолжување со долгорочен кредит во висина од 766.000.000,00 денари за финансирање на проектот „Изградба и реконструкција на локални патишта“.
Условите под кои беше потпишан овој заем се следните:
- износ: 766.000.000,00 денари;
- каматна стапка: променлива каматна стапка што ќе се пресметува како збир од референтната каматна стапка објавена и достапна на веб-страницата на Народна банка на Република Северна Македонија под називот „каматна стапка на денарски депозити без валутна клаузула“ и каматна маржа од 0,80 процентни поени на годишно ниво;
- рок на отплата: 84 месеци со вклучен грејс период;
- грејс период: 24 месеци;
- начин на отплата: квартално.

На 13.11.2020 година, општина Кавадарци и Комерцијална банка АД Скопје потпишаа Договор за задолжување со долгорочен кредит во висина од 118.000.000,00 денари за финансирање на проектот „Изградба на градски пазар со подземен паркинг“.
Условите под кои беше потпишан овој заем се следните:

- износ: 118.000.000,00 денари;
- каматна стапка: променлива каматна стапка што ќе се пресметува како збир од референтната каматна стапка објавена и достапна на веб-страницата на Народна банка на Република Северна Македонија под називот „каматна стапка на денарски депозити без валутна клаузула“ и каматна маржа од 0,97 процентни поени на годишно ниво, но не помалку од 2,50% годишно;
- рок на отплата: 144 месеци со вклучен грејс период;
- грејс период: 24 месеци;
- начин на отплата: квартално.

На 24.12.2020 година, општина Ново Село и Комерцијална банка АД Скопје потпишаа Договор за задолжување со долгорочен кредит во висина од 11.000.000,00 денари за финансирање на проектот „Мрежа за примарна здравствена заштита“.
Условите под кои беше потпишан овој заем се следните:
- износ: 11.000.000,00 денари;
- каматна стапка: во висина на референтната каматна стапка објавена и достапна на веб-страницата на Народна банка на Република Северна Македонија под називот „каматна стапка на денарски депозити без валутна клаузула“ зголемена за каматна маржа од 1,97 процентни поени, годишно, декурзивно, но не помалку од 3,5% годишно;
- рок на отплата: 24 месеци од денот на првото користење во којшто е вклучен грејс период;
- грејс период: 6 месеци;
- начин на отплата: 18 еднакви месечни рати.

IV. Активности во управувањето со јавниот долг - табели и графикони

IV.1 Примарен пазар на ДХВ

Табела 4: Нето-емисија на ДХВ и структурни обврзници

(во милиони денари)	К1-2020	К2-2020	К3-2020	К4-2020	Вкупно 2020
Нето-издадени државни хартии од вредност					
3-месечни државни записи	0,00	600,00	-600,00	0,00	0,00
6-месечни државни записи	0,00	3.850,00	0,00	-3.850,00	0,00
12-месечни државни записи	848,95	1.391,99	-700,00	-2.368,00	-827,06
2-годишни државни бврзници	0,00	-200,00	0,00	-139,62	-339,62
3-годишни државни бврзници	0,00	0,00	0,00	7.552,80	7.552,80
5-годишни државни обврзници	1.100,00	0,00	0,00	979,62	2.079,62
10-годишни државни обврзници	0,00	0,00	0,00	3.282,00	3.282,00
15-годишни државни обврзници	1.243,00	300,02	1.300,01	4.179,65	7.022,68
30-годишни државни обврзници	900,04	940,62	900,01	0,00	2.740,67
Вкупно	4.091,99	6.882,63	900,02	9.636,45	21.511,09

Извор: Министерство за финансии

Графикон 8: Побарувачка и реализација на аукциите на ДХВ, јануари – декември 2020 година



Графикон 9: Реализирани ДХВ јануари – декември 2020 година



Табела 5: Просечни каматни стапки на ДХВ без девизна клаузула во 2020 година

Датум на аукции	3-месечни ДЗ	6-месечни ДЗ	12-месечни ДЗ	2-годишни ДО	3-годишни ДО	5-годишни ДО	10-годишни ДО	15-годишни ДО
Јануари			0,55%	1,10%				
Февруари			0,50%					2,90%
Март			0,50%			1,40%		2,90%
Април		0,20%	0,50%					
Мај	0,20%	0,30%	0,60%	0,90%				
Јуни			0,60%					3,00%
Јули								
Август			0,60%					
Септември			0,60%					3,00%
Октомври			0,40%				2,00%	2,50%
Ноември			0,40%	0,60%		1,20%		2,50%
Декември			0,40%	0,75%	1,05%			2,50%

Извор: Министерство за финансии

Табела 6: Просечни каматни стапки на ДХВ со девизна клаузула во 2020 година

Датум на аукции	2-годишни ДО	5-годишни ДО	10-годишни ДО	15-годишни ДО	30-годишни ДО
Јануари					4,00%
Февруари					
Март					
Април					4,00%
Мај					
Јуни					
Јули					
Август					4,10%
Септември					
Октомври			1,50%		
Ноември		0,35%			
Декември	0,60%	0,68%		2,20%	

Извор: Министерство за финансии

Графикон 10: Сопственичка структура на континуирани ДХВ

31.12.2019

31.12.2020



Графикон 11: Рочна структура на континуирани ДХВ

31.12.2019



31.12.2020



Графикон 12: Приноси до достасување на еврообврзниците што достасуваат во 2020, 2021, 2023,2025 и 2026 година



IV.2 Секундарен пазар на ДХВ

IV.2.1 Секундарен пазар на структурни државни хартии од вредност

Графикон 13: Обем на тргување со структурни државни обврзници, јануари – декември 2020 година, во евра



Графикон 14: Принос до достасување на структурните државни обврзници, јануари – декември 2020 година



IV.2.2 Секундарен пазар на континуирани државни хартии од вредност

Графикон 15: Обем на тргување на секундарниот пазар на континуирани државни хартии од вредност, јануари – декември 2020 година



V. Карактеристики на портфолиото на јавниот долг

Табела 7: Состојба на јавен долг

(во милиони евра)	2013	2014	2015	2016	2017	2018	2019	2020
Државен долг	2.771,6	3.262,5	3.453,3	3.851,5	3.958,5	4.344,4	4.556,8	5.516,0
Гарантиран јавен долг	509,8	658,9	774,0	859,9	828,4	857,7	942,2	929,5
Негарантиран јавен долг	N/A	N/A	N/A	N/A	N/A	N/A	41,9	37,8
Вкупен јавен долг	**3.281,4**	**3.921,3**	**4.227,2**	**4.771,4**	**4.786,9**	**5.202,2**	**5.540,9**	**6.483,3**
Надворешен јавен долг	2.078,7	2.725,1	2.847,5	3.286,0	3.187,5	3.537,8	3.709,3	4.323,7
Внатрешен јавен долг	1.202,7	1.196,2	1.379,7	1.425,4	1.599,4	1.664,4	1.831,6	2.159,6
Вкупен јавен долг како % од БДП	**40,3%**	**45,8%**	**46,6%**	**48,8%**	**47,7%**	**48,4%**	**49,4%**	**60,2%**

*) Заклучно 2018, вкупниот јавен долг е збир од државниот и гарантираниот долг. Во 2019 година (од К2), јавниот долг го вклучува и нерагарантираниот долг на ЈП и АД основани од државата или од општините.

Извор: Министерство за финансии и НБРСМ

Графикон 16: Движење на јавниот долг



V.1 Државен долг

Табела 8: Состојба на државен долг

(во милион евра)	2013	2014	2015	2016	2017	2018	2019	2020
НАДВОРЕШЕН ДРЖАВЕН ДОЛГ	1.597,5	2.092,2	2.096,7	2.446,6	2.376,8	2.695,0	2.763,5	3.382,5
Долг на централна влада	1.591,9	2.086,9	2.091,5	2.442,0	2.373,1	2.692.2	2.761,4	3.381,0
Долг на општините	5,6	5,3	5,2	4,6	3,7	2,9	2,2	1,6
ДОМАШЕН ДРЖАВЕН ДОЛГ	1.174,1	1.170,3	1.356,6	1.404,9	1.581,7	1.649,4	1.1793,3	2.133,4
Долг на централна влада	1.165,1	1.159,5	1.344,1	1.393,7	1.571,2	1.638,4	1.784,0	2.119,1
Долг на општините	9,0	10,8	12,5	11,2	10,5	11,0	9,3	14,4
ДРЖАВЕН ДОЛГ	**2.771,6**	**3.262,5**	**3.453,3**	**3.851,5**	**3.958,5**	**4.344,4**	**4.556,8**	**5.516,0**
Државен долг како % од БДП	**34,0%**	**38,1%**	**38,1%**	**39,9%**	**39,4%**	**40,4%**	**40,7%**	**51,2%**

Извор: Министерство за финансии и НБРСМ

Графикон 17: Движење на државниот долг



Графикон 18: Каматна структура на државниот долг

31.12.2019



31.12.2020



Графикон 19: Валутна структура на државниот долг

31.12.2019



31.12.2020



Графикон 20: Пазарен/непазарен државен долг, во милиони евра

31.12.2019 31.12.2020



Табела 9: Просечно време до достасување – ATM (во години)

Табела 9: Просечно време до доставување - ATM (во години)

	2020
Внатрешен долг	6,8
Надворешен долг	4,4
Вкупен државен долг	5,3

Извор: Министерство за финансии

Табела 10: Просечно време на промена на каматна стапка – ATR (во години)

Табела 10: Просечно време на промена на каматна стапка - ATR (во години)

	2020
Внатрешен долг	6,8
Надворешен долг	3,4
Вкупен државен долг	4,7

Извор: Министерство за финансии

Графикон 21: Отплата на камата и главнина по основ на државен долг, во милиони евра



V.1.1 Надворешен државен долг

Табела 11: Состојба на надворешен државен долг по кредитори

(во милиони евра)	31.12.2013	31.12.2014	31.12.2015	31.12.2016	31.12.2017	31.12.2018	31.12.2019	31.12.2020
Надворешен државен долг	**1.597,5**	**2.092,2**	**2.096,8**	**2.446,6**	**2.376,8**	**2,695.0**	**2,763.5**	**3,382.5**
Официјални кредитори	**981,1**	**983,2**	**858,4**	**863,2**	**838,9**	**819.0**	**914.6**	**1,193.9**
Мултилатерални кредитори	883,1	888,7	764,8	773,8	761,6	745.9	846.1	1,129.7
ИБРД	216,3	251,3	246,0	237,5	228,5	215.2	328.4	400.6
ИДА	242,3	249,3	253,8	240,8	213,4	203.8	192.6	168.3
ИФАД	10,8	11,1	11,3	10,8	9,7	9.4	9.1	8.2
ЦЕБ	49,1	53,0	64,1	71,0	88,6	89.1	96.0	101.7
ЕБОР	27,5	67,1	64,6	80,2	100,2	94.8	91.5	79.2
ЕИБ	73,7	76,6	101,4	119,7	115,5	133.5	128.4	126.1
ЕУ	43,6	33,6	23,6	13,6	5,6	0.0	0.0	80.0
ММФ	219,7	146,7	0,0	0,0	0,0	0.0	0.0	165.5
Билатерални кредитори	98,0	94,5	93,6	89,4	77,4	73.2	68.5	64.2
Приватни кредитори	**616,5**	**1.109,0**	**1.238,4**	**1.583,4**	**1.537,8**	**1,876.0**	**1,848.9**	**2,188.6**
Еврообврзница	150,0	650,0	770,0	1.220,0	1.220,0	1,628.3	1,628.3	2,150.0
Останати приватни кредитори	466,5	459,0	468,4	363,4	317,8	247.6	220.6	38.6

Извор: Министерство за финансии и НБРСМ

Табела 12: Повлекувања по основ на склучени неповлечени кредити на надворешен државен долг

(во милиони евра)	Повлечени средства јан-дек 2020
Повлекувања по основ на кредити на надворешен државен долг	
Долг на централна влада (консолидиран)	1078,2
Официјални кредитори	378,2
Мултилатерални кредитори	374,2
ИБРД	100,1
ЦЕБ	10,6
ЕБОР	2,0
ЕИБ	5,0
ЕУ	80,0
ММФ	176,5
Билатерални кредитори	4,0
Приватни кредитори	700,0
Долг на општини	0,0
Приватни кредитори	0,0

Извор: Министерство за финансии и НБРСМ

Графикон 22 : Структура на надворешниот државен долг по кредитори

31.12.2019



31.12.2020

Графикон 23: Структура на надворешниот државен долг по мултилатерални кредитори

31.12.2019



31.12.2020



Графикон 24: Валутна структура на надворешниот државен долг

31.12.2019



31.12.2020



Графикон 25: Каматна структура на надворешниот државен долг

31.12.2019



31.12.2020



V.1.2 Внатрешен државен долг

Табела 13: Состојба на внатрешен државен долг

(во милиони евра)	2013	2014	2015	2016	2017	2018	2019	2020
Внатрешен државен долг	**1.174,1**	**1.170,3**	**1.356,6**	**1.404,9**	**1.581,7**	**1.649,4**	**1.793,3**	**2.133,4**
Долг на централна влада (косолидиран)	1.165,1	1.159,5	1.344,1	1.393,7	1.571,2	1.638,4	1.784,0	2.119,1
Структурни обрзници	103,2	83,3	72,3	70,2	65,5	57,7	54,3	46,5
Обрзница за селективни кредити	16,9	16,9	16,9	16,9	16,9	16,9	16,9	16,8
Обрзница за приватизација на Стопанска банка	10,7	2,1	0,0	0,0	0,0	0,0		
Обрзница за денационализација	75,6	64,4	55,4	53,3	48,6	40,8	37,4	29,7
Континуирани државни харти од вредност	1.061,9	1.076,1	1.271,8	1.323,5	1.505,7	1.580,8	1.729,7	2.072,6
Општини	9,0	10,8	12,5	11,2	10,5	11,0	9,3	14,4

Извор: Министерство за финансии

Графикон 26: Валутна структура на внатрешниот државен долг

31.12.2019



31.12.2020



Графикон 27: Каматна структура на внатрешниот државен долг

31.12.2019



31.12.2020



V.2 Гарантиран јавен долг

Графикон 28: Состојба на гарантиран јавен долг



Графикон 29: Гарантиран јавен долг по кредитори

31.12.2019



31.12.2020



Графикон 30: Гарантиран јавен долг по должници

31.12.2019



31.12.2020



Табела 14: Гарантиран јавен долг по должници

	Структура на гарантиран јавен долг по должници 31.12.2019			Структура на гарантиран јавен долг по должници 31.12.2020		
	во милиони евра	процент од БДП	Процент од гарнтиран јавен долг	во милиони евра	процент од БДП	Процент од гарнтиран јавен долг
ЕСМ	81,7	0,7%	8,67%	62,0	0,6%	6,7%
МЕПСО	20,5	0,2%	2,18%	17,2	0,2%	1,8%
РБСМ	123,4	1,1%	13,10%	146,8	1,4%	15,8%
ЖРСМ Транспорт	32,2	0,3%	3,42%	36,0	0,3%	3,9%
ЈП ЖРСМ Инфрастуктура	1,2	0,0%	0,13%	1,0	0,01%	0,1%
ЈПДП	681,0	6,1%	72,28%	656,7	6,1%	70,7%
ЈСП	2,0	0,0%	0,21%	9,8	0,1%	1,1%
Вкупно	**942,2**	**8,4%**	**100,0%**	**929,5**	**8,6%**	**100,0%**

Извор: Министерство за финансии и НБРСМ